# Извадок на дел од дневни настани 28.08.2023

На 27.08.2023 во 21.30 часот во Радовиш, од полициски службеници е лишен од слобода В.С.(18) од Радовиш, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 27.08.2023 во 21.30 часот во Тетово, од полициски службеници е лишен од слобода Ф.И.(18) од с. Боговиње, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 27.08.2023 во 22.10 часот во с. Горно Палчиште,тетовско, од полициски службеници се лишени од слобода О.Ј.(19) и А.Д.(23) двајцата од с. Добридол затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 27.08.2023 околу 17.45 часот било пријавено дека на автопатот Неготино-Велес, во близина на археолошки локалитет „Стоби", Д.И. (20) од Радовиш управувајќи мотоцикл „сузуки" без регистарски ознаки, изгубил контрола и паднал на коловозот. По несреќата, возачот е пренесен во Општа болница-Велес каде од лекар му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Велес.

На 27.08.2023 во 23,30 часот во Полициска станица Чаир Н.Ш.(69) од Скопје пријавил дека на ул.„Јадранска магистрала" бил каснат од куче скитник.

На 27.08.2023 во 14.16 часот било пријавено дека во Прилеп, патничко моторно возило „голф" со прилепски регистарски ознаки, управувано од С.И.(30) од Прилеп, удрило во паркирано патничко моторно возило „шкода" со прилепски регистарски ознаки, сопственост на С.П.(66). По несреќата возачот С.И. е пренесен во Градската општа болница -Прилеп каде од лекар му се констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Прилеп.

На 27.08.2023 во 16.30 часот во Полициска станица Кочани Б.Г.(48) од Велес пријавил дека во Кочани бил каснат од куче скитник.

На 27.08.2023 во 16.30 часот во Полициска станица Гостивар Ј.Ѓ.(64) од с. Вруток пријавила дека во с. Вруток била касната од куче скитник.

На 27.08.2023 во 17.50 часот во Куманово на место викано „Света Мина" од полициски службеници од Мобилната единица при Одделот за гранични работи и миграции е лишен од слобода М.А. (28) од с.Студеничани, скопско, поради сторено кривично дело криумчарење мигранти. Тој управувајќи возило „ауди" на автопатот Е-75 не застанал на даден знак за запирање на возилото од полициските службеници и се дал во бегство, но набргу, по преземени мерки и активности, бил сопрен и лишен од слобода. Во возилото биле пронајдени пет лица мигранти од Сирија.За настанот е известен јавен обвинител и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.08.2023 во 04.30 часот било пријавено дека на регионален пат Р1301 Охрид-Свети Наум во населба Свети Стефан, патничко моторно возило „бмв" со охридски регистарски ознаки, управувано од Б.А.(19) од Охрид, излегло надвор од коловозот. По несреќата возачот Б.А. и неговиот сопатник В.М.(18) од Охрид биле пренесени во Специјалната болница „Свети Еразмо" во Охрид каде од лекар им биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Охрид.

На 27.08.2023 во 01 часот, согласно претходно изготвен оперативен план за контрола на угостителски објекти, од страна на полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција и Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал во содејство со Управата за јавни приходи, Државниот инспекторат за труд и Државниот пазарен инспекторат беше извршена акциска контрола во угостителски објект во Охрид. При контролата кај едно лице е пронајдена марихуана, а затекнати се и 17 странски државјанки од кои четири престојувале спротивно на законите во државата (две од Русија со пречекорен престој, една од Србија со пречекорен престој и една државјанка на Србија со активна забрана за влез во државата). Лицата се приведени и надлежен судија во Основен суд Охрид изрекол парични казни и мерка протерување. Од страна на УЈП е констатирано неиздавање на фискални сметки и утврден е вишок од 80.000 денари, пари кои не биле евидентирани, за што ќе следуваат соодветни санкции. Од страна на Државниот инспекторат за труд затекнато е лице кое извршувало работни активности, а не било пријавено, за што ќе следува соодветна пријава. Од страна на Државниот пазарен инспекторат констатирано е кршење на забраната за пушење во угостителскиот објект, за што се изречени соодветни санкции.

На 28.08.2023 околу 06.20 часот било пријавено дека на ул.„АСНОМ" во Охрид се случила сообраќајна несреќа помеѓу мотоцикл „хамачи" со охридски регистарски ознаки, управуван од К.С.(20) од Охрид и патничко моторно возило ,,голф'' со охридски регистарски ознаки, управуван од П.Ч.(53) од с. Коњско, охридско. По несреќата возачот на моторциклот К.С. бил пренесен во Специјална болница „Свети Еразмо" во Охрид, каде од лекар му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа до СВР Охрид.

На 27.08.2023 околу 16.15 часот во СВР Охрид било пријавено дека на плажата „Свети Наум" од водите на Охридското езеро без знаци на живот бил изваден А.М.(65) од Р.Албанија. Од лекар од итна медицинска помош била констатирана смрт, без траги на насилство. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Охрид. По наредба на Јавен обвинител телото е дадено на обдукција.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Л.Р.(21) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 19.07.2022 во Скопје, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Б.Р.(30) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 16.06.2022 во село Марино, општина Илинден, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле амфетамин и марихуана.

ОВР Прилеп поднесе кривична пријава против И.Р. (42) од село Дебреште и Т.А. (41) од Штип поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 07.09.2022 во село Дебреште, полициски службеници извршиле претрес во домот на И.Р., при што пртонашле и одзеле полуавтоматска пушка „Мосберг" калибар 12 мм, ловечки карабин „Црвена застава" калибар 7,62, која му ја дал Т.А., потоа пневматска пушка „Црвена застава" калибар 4,.5 мм, пневматска пушка „Екол" калибар 5,5 мм, сигнален пиштол „Екол", затворач за малокалибарска пушка и 91 куршуми различен калибар.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против С.К.(26) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 02.04.2023 во угостителски објект во Скопје, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле амфетамин.

На 27.08.2023 во 14.50 часот во Полициска станица Аеродром е пријавено дека во близина на Пошта Скопје од полициски службеници бил пронајден К.П.(16), кој претходно на 21.08.2023 во 13.00 часот во Полициската станица Карпош бил пријавен дека се оддалечил од Јавна установа за згрижување деца.

На 27.08.2023 во 12.40 часот во Полициска станица Карпош Б.Ѓ.(25) од с.Кучково, скопско пријавил дека околу 01.00 часот во угостителски објект на подрачје на Карпош по претходна расправија бил физички нападнат од А.Н. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.08.2023 во 19.30 часот во Полициска станица Чаир В.Т.(57) од Скопје пријавил дека околу 19.00 часот во двор на подрачје на Чаир забележал залутано зрно. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје која го подигнала зрното за понатамошна постапка.

На 27.08.2023 во 23.50 часот во Полициска станица Гази Баба К.С.(30) од Скопје пријавил дека во близина на спортско игралиште на подрачје на Гази Баба по претходна расправија бил физички нападнат од В.А. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.08.2023 околу 21.30 часот во СВР Куманово Е.Ќ. пријавил дека во угостителски објект во Куманово бил физички нападнат со тврд предмет од Л.А. од с.Ваксинце, кумановско и уште неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.08.2023 во 15.50 часот во СВР Куманово Ш.Ј.(43) од с.Черкези, кумановско пријавила дека на 24.08.2023 околу 20.30 часот во Куманово нејзиниот син бил физички нападнат од Б.Ш. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.08.2023 во 21.40 часот во СВР Куманово Ј.Д.(49) од с.Мургаш, кумановско пријавил дека во с.Градиште, кумановско, неговата сопруга Ф.Р. била физички нападната од М.А.(32) од с.Градиште. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.08.2023 во 12.30 часот во Полициска станица Охрид М.А.(71) од с.Белчишта, охридско пријавил дека во близина на автоперална во Охрид по претходно недоразбирање бил физички нападнат од С.Т. од Охрид. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.08.2023 во 22,00 часот во Полициска станица Охрид В.Ѓ.(45) од Охрид пријавил дека во 17,35 часот на стадион во Охрид бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.08.2023 во 12.35 часот во Полициска станица Струга Ј.П.(59) од с. Вевчани, струшко пријавил дека околу 11.10 часот во Струга по претходно недоразбирање во сообраќајот бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.08.2023 во 06.00 часот во Полициска станица Охрид Д.Н.(34) од Штип пријавил дека околу 04.00 часот на паркинг пред спортска сала во Охрид бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.08.2023 во Полициска станица Битола Н.К.(55) од Битола пријавил дека околу 17,00 часот во близина на неговиот двор во Битола настанал пожар од кој бил зафатен и опожарен паркиран камион „фап" сопственост на Ц.В.(55) од Битола. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица Битола. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Битола.

На 27.08.2023 околу 17.15 часот во Полициска станица Прилеп е пријавено дека пред Градската болница Прилеп М.М.(27) од Прилеп бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.08.2023 околу 19,40 часот во Полициска станица Драчево А.Р.(46) од Скопје пријавил дека на подрачје на Драчево забележал дека неговото патничко моторно возило „опел антара" со скопски регистарски ознаки било оштетено од залутано зрно. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 27.08.2023 во 20,03 часот во Полициска станица Пробиштип е пријавено дека во 19.20 часот во Јавна здравствена установа во Пробиштип бил донесен повреден Б.В.(46) од с.Ратавица, пробиштипско кој според пријавеното се здобил со повреда при работа во рудник во с.Добрево, по што е пренесен во Клиничка болница Штип за укажување на лекарска помош. Полициски службеници излегле на местото на настанот.

На 28.08.2023 во 01,50 часот во СВР Штип е пријавено дека во Штип околу 01,20 часот едно лице фрлило шишиња со запалива течност во двор од куќа во Штип сопственост на К.А.(75) од Штип од кои настанал пожар во кој биле опожарени огревни дрва. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица Штип. Полициска службеници излегле на местото на настанот и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.08.2023 во 08,00 часот во СВР Штип Л.Е.(60) од Штип пријавил дека околу 06,15 часот во двор од јавно претпријатие во Штип додека бил на своето работно место бил физички нападнат од друг вработен А.С.(59) од Штип. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.08.2023 околу 03,00 часот во Полициска станица Берово е пријавено дека во угостителски објект во Берово по претходно недоразбирање бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу А.Т од с.Русиново, беровско и А.Т. од Берово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.08.2023 околу 10.30 часот во Полициска станица Свети Николе било пријавено дека во месноста викана „Круши", светиниколско, пред дворно место од викендица, З.М.(58) од Свети Николе во обид со кабли да го стартува неговото паркирано возило „голф" истото тргнало нанапред, и З.М. паднал, по што бил прегазен од возилото. Од здобиените повреди З.М. починал на лице место. Смртта е констатирана од лекар од итна медицинска помош, а по овластување на Јавен обвинител увид на лице место извршила увидна екипа од ОВР Свети Николе. Телото на починатиот е предадено на семејството..

На 28.08.2023 во 05,00 часот во Полициска станица Берово Д.С.(28) од с.Будинарци, беровско пријавил дека околу 04,17 часот пред угостителски објект во Берово тој и З.Р. од с.Будинарци биле физички нападнати од Б.К., Д.О. и уште едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.08.2023 во 15.10 часот во Полициска станица Радовиш Д.М.(43) од с.Тополница, радовишко пријавил дека околу 14.00 часот во с.Прналија бил физички нападнат со тврд предмет од А.М. од с.Прналија, радовишко, кој исто така му го оштетил неговото возило ,,туран" со радовишки регистарски ознаки. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.08.2023 во 20.30 часот во Полициска станица Радовиш Р.К.(66) од Радовиш пријавил дека околу 14.30 часот во Радовиш по претходна расправија бил физички нападнат од неговите роднини Љ.П. од Радовиш и А.К. од Охрид. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.08.2023 во 20.00 часот во СВР Велес С.А.(64) од Велес пријавил дека околу 19.40 часот во Велес бил физички нападнат од А.С.(26) од Велес. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.08.2023 во 10.20 часот во ОВР Кавадарци Д.Д.(55) од Кавадарци пријавил дека околу 08.00 часот во Кавадарци по претходна расправија бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.08.2023 во 19.10 часот во Охрид од полициски службеници бил приведен В.Ј.Д.(34) од САД затоа што при извршен преглед кај него бил пронајден нож, со што сторил прекршок казнив по член 80 став 1 од Законот за оружје. Лицето е предадено на полициски службеници од Полициска станица Охрид за понатамошна постапка.

На 27.08.2023 околу 17.00 часот во Струга од полициски службеници од Полициска станица Струга биле лишени од слобода Ѓ.Б (27) од с.Долно Татеши, струшко, Л.О (27) од село Делогожда, струшко и О.Х. (45) од село Велешта, струшко, затоа што според пријавеното агресивно се однесувале и физички нападнале полициски службеници кои вршеле службени дејствија. По целосно документирање на настанот против лицата ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 27.08.2023 во 07.00 часот во Полициска станица Кочани е пријавено дека на 25.08.2023 околу 19.45 часот во атар на селата Врбица и Лепопелци, општина Чешиново-Облешево настанал пожар во кој биле опожарени овоштарник со насад, сопственост на Ј.Ј од село Соколарци, кочанско и 25 пчелни сандаци сопственост на С.Н. Пожарот е изгаснат. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Кочани.

На 27.08.2023 околу 11.10 часот во Полициска станица Кочани бил пријавено дека во фабрика за преработка на дрво во село Тркање, кочанско, сопственост на З.С.(49) од Кочани настанал пожар во кој бил целосно опожарен паркиран багер ,,зетер маер". Пожарот е изгаснат од противпожарната екипа од Кочани. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од ОВР-Кочани.

На 27.08.2023 во 17.30 часот во Полициска станица Гази Баба било пријавено дека на гробишта „Камник" на подрачје на Гази Баба била пронајдена неиспукана граната 7.7мм. Гранатата е безбедно подигната од Дирекцијата за заштита и спасување за понатамошна постапка.

На 28.08.2023 во 00.46 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подарчје на Бит Пазар било делумно опожарено патничко моторно возило „ауди" со скопски регистарски таблички, сопственост на Б.М. (41) од Скопје. Повредени лица нема.

ОВР Гевгелија поднесе кривична пријава против А.М.(20) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 04.07.2022 во Градскиот парк во Стар Дојран, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле синтетичка дрога LSD.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Е.С.(26) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 13.03.2023 во Скопје, полициски службеници запреле патничко возило „голф", управувано од пријавениот, при што пронашле и одзеле кутија со 50 куршуми калибар 7,62 мм.

Денеска (28.08.2023) околу 08.45 часот во гостиварски Равен, по потерница врз основа на судска наредба од Основен суд Гостивар, полициските службеници од СВР Тетово-ПС Гостивар го привеле Ш.Ј.(22) од Равен, кој бил баран за издржување на казна затвор во траење од 1 година и 6 месеци, за сторено кривично дело ,,недозволено производство и трговија со наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори", казниво по члени 215 и 216 од КЗ. Ш.Ј. е спроведен во КПУ Затвор ,,Идризово" во Скопје, за издржување на затворската казна.

На 27.08.2023 во 15.45 часот на улица ,,Панче Попоски" во Гостивар, по потерница врз основа на судска наредба од Основен суд Гостивар, полициските службеници од СВР Тетово-ПС Гостивар го привеле Ф.З.(33) од Гостивар, кој бил баран за издржување на казна затвор во траење од 2 години. Ф.З. е спроведен во КПУ Затвор ,,Идризово" во Скопје, за издржување на затворската казна.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет